Објавен е извештајот „Одржливо граѓанско општество: Лекции од пет комбинирани фондови во Источна Европа“ каде МЦМС беше едена од интервјуираните организации.



Овој двегодишен проект претставува **компаративна студија на пет комбинирани фондови**, или партнерства и трустови, **основани во различни делови на Источна Европа од 1991 година наваму**. Прашањата во истражувањето се однесуваат на оригиналните мотиви за основање на овие партнерства и трустови, нивната методологија и имплементација, кои организации добиле финансирање и за кои активности, како и дали истите останале отпорни за време на политички притисоци или намалено финансирање.

Интервјуирани беа оригиналните донатори, вработените, грантистите, независни експерти, како и локални доделувачи на грантови. Мнозинството од нив потенцирале дека **најголемиот предизвик останува одржливоста на грантистите. Многу од донаторите од САД го напуштиле регионот во последниве две децении**, додека европските донатори не овозможуваат слична флексибилна институционална поддршка. Ова резултирало со **намален број на активности, персонал и режиски трошоци, дури и остварување комерцијален приход.**

Постои раст во финансирањето од страна на заедницата **(crowdfunding) и личните донации**. Некои организации стратешки **се преориентирале, други во фокусот ги ставиле граѓанското учество, развојот на заедницата и образованието за толеранција,** наместо дотогашното застапување за политики. Други организации одговориле на политичките притисоци со зголемен професионализам, на пример преку **финансиски и административни ревизии**, како и поддршка на моралот кај персоналот.

Од студијата може да се извлечат научени лекции за донаторите и активистите за идните напори на градење отпорни граѓански општества. Така на пример, **обезбедувањето суштинска поддршка за новите организации и финансирањето средства од типот на недвижен имот се покажале како паметна долгорочна инвестиција.**

Исто така, стана јасно дека можело да се направи повеќе околу **градењето на култура кај организациите грантисти** која ќе им овозможи подолготрајна поддршка. Во регионот (но исто така и во светот), недостатокот на доверба во институциите прераснал во сериозна пречка во денешната политичка клима.
**Повеќе труд можел да се вложи во надминување на статичниот „мајндсет“ преку**

**граѓанско образование и поддршка за граѓанското општество**
.

Конечно, независните медиуми играат важна улога во политичката отчетност, а исто така се средство преку кое ќе се даде легитимитет на граѓанските организации и ќе се споделат нивните постигнувања.